center for intercultural dialogue

(LOCAL) YOUTH PARTICIPATION MATTERS

Kingdom of the Netherlands

**Повик за учесници на работилници**

**во рамките на проектот „(Локално) младинско учество е важно“**

## ЗА ПРОЕКТОТ

“(Локално) младинско учество е важно” е проект финансиран од Амбасадата на Кралството Холандија во Република Северна Македонија и имплементиран од Центар за интеркултурен дијалог. Примарната цел на проектот е да ги поттикне и вклучи младите во процесите на креирање политики и донесување одлуки преку граѓански активности на теми како што се социјалната кохезија, човековите права, мултикултурализмот и демократијата. Овој проект исто така има за цел основање и изградба на Младински центри во осум општини низ државата, во соработка со локалните самоуправи (градоначалници и совети) и младинските политички подмладоци. Развојот и имплементацијата на едукативните програми исто така е дел од предвидените активности и се планира да се направи во соработка со регионалните граѓански организации.

## ЗА АКТИВНОСТА

Во рамките на втората година од проектот планирани се активности во форма на 3 едукативни модули, секој од по 12 работилници наменети за млади, на возраст од 15 до 29 години.

Првиот модул со работилници ќе се одржи во Локалниот младински центар „MultiКулти“ во Куманово. Имплементацијата на првиот модул од работилниците ќе започне од втората половина на мај и точните датуми и време на секоја работилница ќе бидат одредени и договорени во рамките на групата. Секој учесник може да избере една од предложените теми, а тоа се:

а) Лидерство, градење тим и решавање на проблеми

б) Интеркултурен дијалог: работа на предрасуди и стереотипи во мултикултурното општество

в) Врсничко насилство (булинг)

г) Граѓанско учество

*Сите работилници ќе се одржуваат двојазично, и на македонски и на албански јазик.

Оттука, доколку сте младо лице на возраст од 15-29 години од Куманово или Липково и имате желба да учите и да го проширите своето знаење за која било од четирите горенаведени теми, Ве молиме пополнете ја апликацијата на линкот подолу, најдоцна до

08.05. 2023 година до 23:59 часот. По завршувањето на регистрацијата, фасилитаторите ќе Ве контактираат и ќе Ве информираат за формирањето на групите. Ве очекуваме!

https://docs.google.com/forms/d/e/1FAIpQLSeQuckdFu11MMUb7jpJzifQT1g1pRjxnDEL0Zt5_JnBTuhgrw/viewform